| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Боите на есента |
| **Содржина на денот** | Дрвото во есен |
| **Возраст** | 3-4 години |
| **Воспитувач** | Александра Балшиќевска |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | - Разговор за факторите кои придонесуваат за одржување на нашето здравје (правилна исхрана, прошетки, игра, сон, одмор, соодветно облекување и сл.).<br>-Усвојување на знаења за значењето на чистиот и свежиот воздух за сопственото здравје. |
| **Активности** | Активноста ќе започне со кратка прошетка во паркот, со набљудување на природата во овој период од годината, разговор за боите на есента и нејзините карактеристики, набљудување на лисјата и дрвјата. (листопадни и зимзелени). На крајот од прошетката предложете му на детето да собира есенски лисја и да ги воочува нивните разлики и да ги опишува (боја, форма, големина и сл.).<br>- Обработка на текст „Во прегратките на есента“ – читање на текстот, објаснување на содржината и непознатите зборови и прераскажување преку прашања и одговори.<br>На крајот на активноста предложете на детето да го илустрира прочитаниот текст на лист од блок со дрвени бои или да црта по сеќавање од прошетката.<br>Ликовна игра: На лист од блок на исцртана контура на дрво, децата користејќи ја техниката цепи-леписо самолеплива хартија ќе цепат и лепат есенски лисја користејќи ги боите на есента. |